РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0903-63/44
04.10 2019 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

# До
**Медиуми, НВО здруженија, ЦСР и др.**

**Предмет:**

**Јавен Повик на општина Свети Николе за прибирање на информации за даватели и баратели на социјални услуги, како и пројавување на иницијативи за социјални услуги на територијата на Општина Свети Николе**

Со цел на развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во Општина Свети Николе, а согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица, Општина Свети Николе распишува Јавен повик за прибирање информации за:

- Граѓани или невладини организации, институции и други кои се **даватели** или кој би сакале да бидат даватели на социјални услуги и
- **баратели** на социјални услуги на територијата на Општина Свети Николе.

Како и пројавување на **иницијативи** од страна на граѓаните на Општина Свети Николе и невладини здруженија и други за креирање на социјални услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица.

Социјални услуги како и иницијативите треба се однесуваат на социјални услуги во согласност со Законот за социјална заштита односно да се однесува на:

- Стручна помош и услуги за поддршка
- Советувалишта
- Помош и нега во домот
- Лична асистенција
- Услуги на дневен престој (дневни центри)
- Услуги за привремен престој
- Услуги за рехабилитација и реинтеграција
- Одмена на семејна грижа
- Живеење со поддршка
- Други иновативни услуги

Добиените информации од мапирањето на давателите и барателина социјални услуги како иницијативи понатаму би биле земени Во предвид

за понатамошни активности, ангажмани и Аплицирање на проекти од областа на социјалните услуги.

Сите заинтересирани страни може да дојдат да потполнат Образец во просториите на Општина Свети Николе канцеларија бр. 11 Приземје или телефонски на 032 444 169 локал 124 кај лицето Ивица Арсов до 15 Октомври 2019 година.

Сите дополнителни информации може да ги добиете по писмен пат на емаил: ler@svetinikole.gov.mk или на телефон 032 444 169 локал 124

Со почит,

Датум 04.10.2019 г.

Градоначалник
на Општина Свети Николе

М-р Сашо Вековски